СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 октомври 1996 година

Скопје, октомври 1996 година

**54 ( ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2. Х, 1996 ГОДИНА.**

Дискутанти: Дневен ред на стр. 22 и 23

Усвоен само Д.Р.

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 3
2. АБДИ ФАИК - 25
3. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 4, 15, 19
4. ЖУТА БЕЌИР - 14, 20, 21 -( потпретседател на влада)
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 3 ( води седница )
6. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 7, 10 ( мин.за правда )
7. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 24
8. РАМАДАНИ ХИСЕН - 22
9. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 20, 24.

\- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 октомври 199 6 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Игнатие Богдановски, Горѓи Атанасов, Илинка Митрева, Драган Митевски, Ристо Марковски, Стојче Ковачевски, Панче Насев, Љупчо Мешков, Славчо Чапов, Марјан Начевски Љубомир Чадиковски и Иван Бојков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува на седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Четириесет и седмата и Педесет и првата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Четириесет и седмата и Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага

предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за набавка на резервни делови за вагони и локомотиви на Македонските железници, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за надворешно - трговско работење, со Предлог на закон, во скратени рокови.

Предлогот за донесуваше на законот Ви е доставен.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот на закон за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат, во скратени рокови.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Господинот Ајдарага има збор, процедурално.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Моето излегување тука е од причина што материјалот не сум го добил и како ќе се произнесам по таа работа.

Второ, јас незнам дали поминал на комисии. Мислам дека ни се протурува еден материјал за кој ние воопшто не сме запознати. Мислам дека ова не е вред и незнам како ќе работиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Материјалот е доставен до сите пратеници, а ако има пропусти јас молам во службата да се провери дали до г-дин Ајдарага е испратен и кога е испратен материјалот.

Еве, со овој предлог на Владата, со оваа содржина писмото е доставено до пратениците на 30 септември.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со предлог на закон во скратени рокови.

Предлогот за донесување на закон Ви е доставен.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/4.-

Координаторот на пратеничката група на Либералната Партија, пратеникот Аце Коцевски, • предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон, во скратени рокови.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, Ви е доставен.

Господин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, го користам своето деловничко право за да ја образложам итноста за донесување на законот за измени и дополнување на законот за локални избори.

Имено, вие се сеќавате како резултат на долгочасовните седници на Собранието на Република Македонија и работењето до доцна по полноќ, во законот кој веќе е усвоен за локални избори се провлекоа неколку пропусти и грешки, да не употребам полоши изрази, за кои министерот за правда на една од ПРЕС конференциите, се разбира во име на Владата, рече дека ќе се исправат со корекции. Ние консултиравме повеќе правни експерти од оваа област и ни потврдија дека такви грешки не може да се исправат со интервенција односно со исправки затоа што не се работи за технички грешки кои се направени во печатницата во обработката на законот, туку се работи за грешки кои пратениците ги имаат усвоено при работата на Парламентарната седница на Собранието

Бидејќи сметавме дека е неопходно потребно да се отстранат тие пропусти кои се направени и бидејќи сметавме дека министерот за правда имаше морална обврска неколку работи кои ги прифати во преговорите или разговорите што ги имавме во Министерството за правда, претставници на Либералната партија, на ВМРО-ДПМНЕ и на Демократската партија, а не беа вградени во законот, се обративме со писмо до претседателот на Собранието со молба да го препрати до

Владата, во кое укажавме на потребата Владата на Република Македонија да предложи донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Бидејќи Владата се оглуши од таа наша иницијатива, како пратеничка група се одлучивме ние да бидеме иницијатори и да предложиме таков закон, кој денес се наоѓа пред вас на дневен ред и треба да се одлучите дали да го разгледуваме или да не го разгледуваме.

Лично сметам дека е неопходно потребно да се разгледува овој закон и да се донесат сите одредби што се во него, затоа што нема ништо што не би било прифатливо односно што би било спорно и што би било предмет на политички поделби по партиска припадност меѓу пратениците во Собранието. Дури, мислам дека поради некои одредби што ги содржи ќе ја спаси честа на највисокиот законодавен дом и на пратениците и на Владата, затоа што ќе исправи некои глупости што се направени со усвојувањето на законот. Тоа пред се се однесува на некои непрецизности во термините кои се дадени таму, како на пример во членот 10 став 1 е направен превид во однос на рокот за предлагање кандидати за членови на избирачките одбори односно според сегашното решение прво се формираат избирачките одбори, а пет дена подоцна политичките партии предлагаат кандидати за членови на овие одбори.

Исто така, не е прецизно решението кој го избира секретарот на општинските изборни комисии. Исто така, во членот 43 став 3 е содржано контрадикторно решение во однос на членот 41 став 7 и би требало овие членови да се усогласат односно да се изостави ставот 3 на членот 43. Да не ви одземам повеќе време, се работи за одредби кои велат дека избирачот кој без своја вина не се нашол на избирачкиот список има право да гласа со лична карта и патна исправа на самиот ден на избори, а во друга одредба, во друг член од законот се вели дека избирачките списоци се завршени и дека тоа право едноставно граѓаните го немаат на самиот ден на гласањето, да го остварат избирачкото право само со

покажување на лични исправи односно своето право треба да го остварат доколку претходно интервенираат и нивното име биде ставено во изводот од избирачкиот список.

Исто така, има и други формулации кои правниците велат дека обично не се употребуваат, како што се на пример изразите "партии на позиција", во светот повеќе се употребуваат формулации "партии на власт и партии во опозиција". Исто така, формулации "со денот на верификација на мандатот на градоначалникот" - мандатот на градоначалник не се верифицира, неговиот мандат почнува да тече со денот на одржувањето на седницата на градскиот совет на која евентуално тој би дал некоја свечена изјава дека функцијата ќе ја врши согласно Уставот и законите.

Исто така, употребувани се формулации дека членовите незнам дали беше за советите или комисиите, веројатно за комисиите дека функциите ќе ги вршат совесно и одговорно. Тоа како термин не се употребува во пишување на закони, затоа што не може во закон да се образложи што се подразбира под терминот совесно и одговорно, туку може само да се повикува на устав и на закон.

Исто така, предложивме да се стават и три одредби за кои веќе реков дека министерот ги прифати во преговорите кои ги водевме пред донесувањето на законот.

Првата одредба се однесува за тоа граѓаните пред да го стават ливчето во гласачката кутија да го стават во коверт, за да се гарантира тајноста на гласањето. За тоа се согласи министерот и имаше во расправата на минатата седница и таков амандман, меѓутоа, на таа седница кога се донесуваше законот бидејќи тој амандман бил погрешно даден на член на кој не треба не беше прифатен.

Исто така, во тие разговори министерот се согласи секој избирач по завршувањето на постапката за гласање повторно да се потпише на

списокот кај избирачките одбори, за да се гарантира дека го остварил правото на гласањето, а не си го однел дома гласачкото ливче и исто така се усогласивме, гласачите избирачи кои се на привремена работа во странство да немаат право да гласаат за локалните избори, затоа што технички е тешко изводливо нашата држава да создаде услови за да се оствари тоа гласање во нашите дипломатско - конзуларни претставништва, затоа што и секаде немаме.

Од тие причини, да не оддолжуваме повеќе, јас ве молам да прифатите овој закон да се најде на дневен ред на денешната седница за да придонесеме заедно да се отстранат пропустите и нелогичностите за кои зборував.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак, молам сите пратеници да се воздржите од негативни квалификации како "глупост" и сл.

Има збор г-дин Владо Поповски министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господи, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон, поднесен од пратеничката група на Либералната партија, во Владата стигна вчера во 14,30 часот. По разгледувањето од страна на надлежниот министер од таа област во врска со членовите што се предлага да се изменат и решенијата што се нудат како нови решенија, изнесувам мислење дека овој закон нема потреба да се донесува во никаква скратена постапка, туку евентуално доколку предлагачот смета дека и понатаму, после аргументите што ќе ги изнесам дека е важно да се донесе, да го стави во нормална постапка за да може комисиски целосно подетално да се произнесе и да даде свои сугестии и забелешки Владата.

Би укажал дека Законот за изменување на Законот за локалните избори така како што е даден содржи одредени надминати работи, кои веќе се исправени како грешки од законот, а тоа е членот 4 кој се однесува на роковите за избор на избирачки одбори и за предлагање кандидати за тие одбори од страна на политичките партии. Имено, многу јасно беше, според законскиот текст, доколку членовите на избирачките одбори од позицијата и опозицијата се избираат на 15 дена пред денот на изборите, дека предлагањето нужно треба да се случи пред тој чин и дека текстот кој што укажува дека политичките партии своите кандидати ги предлагаат на 10 дена, значи дека се однесува на 10 дена пред изборот на членовите од страна на Државната изборна комисија. Тоа е исправено и е влезено во Службениот весник.

Она што се однесува до корекциите кои на предлагачот му се чини дека создаваат нејаснотии или недоречености, употребен е тука не соодветен израз, но ќе го. запоставиме, нејаснотии и недоречености во определени решенија со претпоставка дека тие би создале тешкотии во изборните активности, во одвивањето на изборните активности, оценуваме дека не постојат такви нејаснотии и недоречености кои можат да создадат тешкотии во изборите, кои можат да создадат необјективно-ст во изборната трка и нарушување на принципот на фер избори. Имено, со оглед на обврските на одделни органи, кои постапуваат во изборниот процес врз основа на Законот аз локалните избори, преку одредени обрасци што ќе ги издаде Државната изборна комисија определени поими или решенија во законот ќе бидат допрецизирани и тоа во духот на нормите на самиот закон, што значи дека обрасците. и упатствата од страна на Државната изборна комисија нема да излезат од правниот основ содржан во законот за локалните избори.

Што се однесува на предлогот "партии на власт" да се употребува паралелно со "партии во опозиција" не е прифатливо, бидејќи партијата што има парламентарна група која што не е во Владата се смета како

партија во власта, бидејќи таа партиципира во законодавното тело или во Собранието кое ја врши законодавната власт.

Од тие причини редукцијата на партиите со именување "партии на власт" само по основ на учество во Владата сметаме дека е некоректно интерпретирање на поимот власт бидејќи има три власти - првата е законодавната и тука е Либералната партија, партија на власт или партија која учествува во законодавната власт, не учествува ви извршната власт. Не би бил до крај коректен тој однос. Многу е јасен и конечно поимите служат за да се разберат од страна на оние на кои им се упатени. Овие поими имаат конвенционален корен или конвенционална генеза и по својата природа се конвенционални, договорни Се знае дека кај нас е вообичаено да се подразбираат партиите од позицијата и партиите од опозицијата, да се подразбираат оние кои подиректно се во рамките на владината коалиција, па во таа смисла може да има партија од парламентарна опозиција и партија од вонпарламентарна опозиција.

II/1.-/JJ/OM

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Кога станува збор за така наречените морални обврски на министерот, морам да укажам , законот не се донесува во процедура на разговори меѓу министер и партии и исто така треба да укажам дека моралните обврски не се аргументот кога може во одреден случај да се покренува така да кажам нужна процедура за измена на законите. Имено министерот не ги пишува амандмнаите, пратениците се тие кои што ги пишуваат амандманите, а погрешно напишаниот амандман или погрешно адресираниот амандман, наместо на вистинскиот член , а да се адресира на погрешен член од законот, логично парламентот не го усвојува. Добро беше тој амандман, бидејќи беше во договор со пратеничката група на Либералната партија да биде коректно напишан и адресиран на вистинскиот член, тогаш ќе беше веројатно, усвоен.

И второ амандманите не ги усвојува или не усвојува министерот туку парламентот е тој што конечно ги усвојува.

Така нареченото второ барање да се потпише договорено, така да речам барање , избирачот да се потпише откако гласал дека го пуштил ливчето во кутијата, е барање кое што е невозможно да издржи правна критика и во однос на тоа осведочувањето во таа правна невозможност, тоа осведочување беше после разговорот меѓу министерот и политичките партии. Имено, избирањето за граѓанинот избирач во РМ не е дефинирано како негова обврска да мора тој да ги изврши сите активности во избирачкиот процес, прво да земе учество, второ кога ќе се јави да гласа да заокружи, да не ја напушти салата, а откако ќе го заокружи ливчето да мор ада го врати да не го понесе со себе.

II/2.-

А откога ќе го пушти ливчето во кутијата да мора да се потпише во избирачкиот список. Сакам да Ви укажам на една невозможна правна ситуација. Доколку во законот ставиме дека е должен избирачот што го пушта ливчето во гласачката кутија да се потпише, ако избирачот одбие да се потпише, што е можно од другата страна. Ако ставите дека е должен да се потпише кога го пушта ливчето, за да знае оној што не верува во искреноста и во точноста и објективноста на броењето кој што сака да се обезбеди, скоро ни се чини во една невозможна лепеза на недоверба и на претпоставки дека ќе се манипулира со резултатите, просто е лепеза која што се граничи со човечката фантазија. Се поставува прашањето ако поставите обврска да мора да се потпише, ќе мора да предвидите казна, ако не сака да се потпише да плати толку и толку парична казна затоа што не сака да се потпише. Тоа правно е невозможно во рамките на изборниот систем каде што избирачкото право на граѓанинот не е дефинирано како изборна избирачка обврска да мора да излезе, да мора да заокружи да мор ада го пушти ливчето и да мора да се потпише. Што значи елементот да мора да се потпише на избирачкиот список е правно неконзистентно на нашиот систем и тоа уставно, апсолутно би паднало. Ако стои без казнена одредба тоа повеќе би било така да речам прашање кое што е декларативно без санкции.

И конечно само да кажам дека има едно до две материјални решенија што се предлагаат. Не се тие битни , а можат тие решенија како материјални и нови решенија на пример гласачкото ливче да се стави во плик , после тоа пликот да се пушти во кутијата. Законот усвои решение во кутијата да се стави гласачкото ливче. Значи не со плик. Сметаме дека тоа е единствено што останува како нова материјално решение и како новина, не е од таква природа да предизвика потреба

овој предлог да биде толку неопходен и итен за да се постави денеска како барање за донесување и во исто време како предлог на закон кој што би се донел под итно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Ве молам не водиме материјална расправа зошто Вие добивте збор, (се обраќа на предлагачите на ова бараше).

Кој е за, молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за?

Дали има некој против?

6 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

4 се воздржуваат.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентот на Република Полска.

Предлогот на одлуката Ви е доставен односно поделен.
Кој е за предлогот на комисијата, молам да крене рака.
50 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за образување на државна комисија за избирачки список.

Предлогот на одлуката Ви е доставен, односно поделен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

19 пратеници на пратеничката група на Либералната партија предлагаат Предлогот на дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за правилата за рамноправно - медиумско претставување.

Предлогот Ви е доставен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

29 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање.

8 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

II/5.-

Координаторите на пратеничките група на СДСМ, Љубомир Поповски, на Социјалистичката партија Мирко Трипуновски на партијата за Демократски просперитет, Исмет Рамадани и пратениците Фаик Абди и Хисен Рамадани предлагаат, предлогот на дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување на локалните избори 1996 година.

Предлогот Ви е доставен.

Кој е за, предлогот молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на пратеничката група на Либералната партија, Аце Коцевски побара од Владата на РМ да подготви информација за начинот на водењето, текот и истрагата и резултатите на истрагата за атентатот врз претседателот на Република Македонија извршен на 3 октомври 1995 година и таа да биде разгледана на денешната седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија. До денеска Владата не достави ваква информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бекир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не е далеку времето кога овој парламент расправаше за овој проблем односно за

информацијата на иста тема која се предлага и денеска од страна на пратеничката група на Либералната партија. Во меѓувреме не се случија особени промени во тој поглед и Владата смета дека таква информација не треба да се презентира повторно за кусо време. Молам да се прифати ова образложение и да не се става во дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Во име на предлагачите сакам да го изразам незадоволството и несогласувањето со одговорот на претставникот на Владата, ако се има предвид фактот каква беше судбината на таа информација што Владата ја понуди на една. од претходните седници. Имено, ние од Владата баравме да даде информација за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со атентатот врз претседателот на Републиката. Тогаш, ние добивме информација но не од Владата туку од Министерството за внатрешни работи, која всушност не ги содржеше вистинските параметри или потребните параметри со кои овде требаше да се поведе расправа. Таа информација содржеше само фактографски и статистички податоци за тоа колку шупи биле претресени во Скопје, колку лица биле легитимирани и т.н. во теновите кога се правеа тие контролни проверки во најголем дел на територијата на Скопје.

Незадоволни од тоа и јас незадоволен од тоа, во име на предлагачите побарав по таа информација да не се води расправа, туку Владата на РМ да изготви нова информација во која ќе бидат содржани сите аспекти битни за расветлување на текот на водењето на истрагата, односно не само констатациите од страна на Министерството за

внатрешни работи туку и елементи од тоа како си ја вршел работата истражниот судија, кој мерки ги презел, како и јавниот обвинител кои мерки ги превзел во врска со истрагата. Бидејќи помина извесно време, а немаше одговор, односно таква информација не беше доставена во собраниска процедура од Владата, а еве утре се навршува првата годишнина од атентатот, ние како пратеничка група се одлучивме повторно да побараме Владата на Република Македонија да подготви и на пратениците да им достави таква информација во која што ќе бидат содржани сите елементи за кои мислевме дека се неопходно потребни да ги имаат на увид пратениците, а и пошироката јавност во Македонија и меѓу- народната јавност.

Имено, ние би инсистирале оваа точка да влезе во дневниот ред на денешната седница затоа што сметаме дека според информациите со кои ние располагаме дека во моментов истрагата како да е и потполно замрена, затоа што со изборот на истражниот судија задолжен за овој случај сега е судија на Апелациониот суд, нов истражен судија не е задолжен што значи не се знае кој го води тој дел од обврските не е на никој друг судија во Основниот суд каде што припаѓа таа материја дадена.

Исто така со контактите што ги оствeconтаривме со Јавното обвинителство на РМ дојдовме до сознание и покрај тоа што ние како пратеничка група баравме и го имаме тоа уставно и законско право да бараме Владата на Република Македонија, воопшто не се обратила до јавното обвинителство ниту до истражниот судија оди да добие релевантни информации и показатели кои што после тоа би и служеле на Владата за да ја состави таа информација што ја бараме да ни биде достапна на дневниот ред на денешната седница.

II/9.-

Сметаме дека е неопходно потребно Владата да изготви таква комплетна информација за текот и состојбите на истрагата во кое ќе бидат наведени сите активности не само на Министерството за внатрешни работи, туку и на истражниот судија и на јавниот обвинител, како и активностите на самата Влада, за да знаеме кои активности тие институции од државата ги презеле односно не ги презеле и со што придонеле на директен или индиректен начин резултатите од истрагата да бидат вакви, да не речам никакви како што се во моментов.

Инсистираме во таа информација да се одговори на неколку клучни прашања кои што се табу тема во водењето на истрагата.

Прво бараме во таа информација да се даде одговор на прашањето - кој дал наредба да не се блокира квартот на денот на извршувањето на атентатот со што директно овозможил вршителите на атентат- от да се оддалечат од местото на настанот.

Дали истражниот судија за тоа го испитал одговорниот функционер во Министерството за внатрешни работи кој дал односно не дал таква наредба за блокирање на квартот. Што на тоа одговорил јавниот обвинител и дали превзел одредени мерки против тој функционер.

Исто така бараме одговор на прашањето кој наредил извесно време по извршувањето на атентатот од местото на настанот да се тргне автомобилот на претседателот како и автомобилот бомба. Што за тоа констатирал во истражната постапка истражниот судија и какви мерки му препорачал на јавниот обвинител и дали јавниот обвинител презел нешто против тој функционер што дал таква наредба.

Исто така бараме јавно да се одговори кога и дали се испитани луѓето што се наоѓале во спорното бело фиќо односно застава 750 кое се наоѓало во моментот на извршувањето ,на атентатот непосредно пред

возилото на претседателот и какви се сознанијата за тоа на истражниот судија и што за тоа презел јавниот обвинител.

Исто така, имајќи ги предвид изјавите на тогашниот министер за внатрешни работи дека нашата контра известувачка служба не дошла до никакви траги за подготовки на атентатот ниту во земјата ниту надвор, а имајќи го предвид и фактот дека претседателот Глигоров во неговото прво јавно обраќање во интервјуто за изданијата во "Нова Македонија" изјави дека јавно предупредувал на опасностите односно на заканите кои што му биле нему упатувани и дека истиот раководител на таа служба за контраразузнавање се наоѓа на истата должност. Бараме одговор зошто Владата на Република Македонија нема ништо преземено против овој функционер кој и пред атентатот и се у уште се наоѓа на истата одговорна должност во земјата.

Исто така поаѓајќи од изјавата што тогашниот министер за внатрешни работи ја даде на една од прес-конференциите во врска со вмешаноста на странски лица во соработка со македонски граѓани во составувањето на експлозивот на периферијата на Скопје и т.н. да не го цитирам тоа сите го имате добиено , бараме да добиеме одговор во таа информација дали истражниот судија за тоа го испитал министерот за внатрешни работи тогашен Фрчковски.

III/1.-РД/МЈ1

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ )

Дали се вистинити тие негови изјави, или доколку не се вистинити тие изјави, што превзел јавниот обвинител, затоа што очигледно е тоа дека трагата на извршителите и организаторите на атентатот е свртена во погрешен правец. И да не должам повеќе, мислам дека е неопходно потребно конечно јавноста во Република Македонија, ние многу повеќе како пратеници во овој законодавен дом да ја знаеме вистината во врска со водењето на истрагата за атентатот извршен врз претседателот на Републиката, посебно ако се има предвид фактот дека утре се навршува годишнина од тој атентат, а нема никакви конкретни резултати од таа истрага, затоа што анемичноста на таа истрага мислам дека доведува до одреден степен на загриженост на граѓаните на Република Македонија за нивната лична безбедност и сигурност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на координаторот на пратеничката гру- па на Либералната партија оваа информација да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (31 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Вељо Тантаров побара Владата на Република Македонија да подготви информација за состојбите во приватното земјоделство и таа да биде разгледана на денешната седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес Владата не доставила ваква Информација.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Не не делат ни два месеца кога ова Собрание расправаше по проблематиката на земјоделското производство, со посебен акцент на проблематиката на раноградинарските култури. Владата ништо ниво од тој меѓупростор нема за да го информира Собранието и затоа предлагам тоа да не се уврсти во дневниот ред на денешната седница.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, изгледа постои некое недоразбирање на релацијата што барам една таква информација да се добие за приватното земјоделство и нашава Влада. Ние пред два месеци расправавме за проблемите на откупот на градинарските култури. Не расправавме за проблемите што ги мачат приватните земјоделци. Јас барам Владата на Република Македонија да подготви една информација за состојбите во кои се наоѓа приватното земјоделство во нашава држава. Тие состојби се тешки и сега засега никој не знае како ќе се развива состојбата. И бившиот Парламент и овој Парламент носат закони само за потребите на државниот аграр. Приватниот сектор е оставен на страна. Во него делуваат околу 300 илјади земјоделски домаќинства. Сега засега работат да не речам нешто погрубо за ништо. Од тие причини Владата мислам за наредната седница ќе мора да подготви една информација што мисли да направи за излез од сегашниве состојби во кои се наоѓа приватното земјоделство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, значи не инсистирате да гласаме за предлогот.

Пратеникот Назми Маљичи побара Владата на Република Македонија да подготви информација за националната застапеност на вработените во органите на управата. Органите на државната управа и во јавните установи и служби и тоа да биде разгледано на денешната седница на Собранието.

III/3.-

До денес барањето е доставено до Владата на Република Македонија, меѓутоа до денес немаме добиено информација од Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Ова прашање е во владина процедура и пратеникот, штом ќе се заокружи таа процедура ќе добие одговор на поставеното прашање, како пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Назми Маљичи оваа информација да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака.

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлагачот на Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон, пратеникот Фаик Абди го повлекува Предлогот на овој закон и предлага на оваа седница да се разгледа само Предлогот за донесување на законот.

Пратеникот Хисен Рамадани бара во текот на денешната седница Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи да информираат за труењето на децата во Основното училиште во с. Пирот и во с.Боговиње.

Го молам пратеникот Хисен Рамадани да се произнесе дали предлага со ваква информација да се дополни дневниот ред на оваа седница.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас почитувани колеги само сакам да ве известам и да ве ставам во ситуација дека состојбата е многу сериозна. Некој со нашите деца си игра. Не сакам да претпоставувам кој, но се работи за децата и мошне е вознемирена јавноста во тие средини. Затоа ми беше идејата денеска Министерството за здравство и за внатрешни работи евентуално да дадат толкување дека работите се во следење и дека на- брзо ќе следи и стручна анализа, но и стручно гонење на виновниците за ваквата состојба. Јас тоа имам молба овие соодветни органи од стручна медицинска гледна точка, токсиколошка, а другите од истражна гледна точка работите да ги доведат до крај. Веќе не смееме во оваа ситуација да останеме недоречени како во струшкиот случај. Овде мораме да одиме до крај, без компромиси, па кого и да го боли, па нека бидат тоа и албанци, односно било какви наши непријатели. Молам во таа смисла што побрзо да биде, еве за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи предлогот го трансформирате за една од наредните седници.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Предлог на закон за парнична постапка;

2. Предлог на закон за вршење на нотарските работи;

3. Предлог на закон за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за набавка на резервни делови за вагони и локомотиви за Македонските железници, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трговија;

9. Предлог за донесување на закон за игри на среќа и за забавни игри;

10. Предлог за донесување на закон за враќање на имотите на Македонската православна црква;

11. Предлог на програма за финансирање, изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки на згради за правосудните органи, казнено - поправните и воспитно - поправните установи и за опремување на овие органи и установи во периодот од 1997 до 2001 година;

12. Предлог на одлука за образување на Државна комисија за избирачки список;

13. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска;

14. Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување на локалните избори за 1996 година.

Дали има некој предлог за изменување,и дополнување на предложениот дневен ред?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пред триесетина дена поднесов Предлог за донесување на закон за враќање на имотот на Македонската православна црква. Македонија и Македонската православна црква во изминатите векови минаа низ многу страдања и изолации. Државата векот ќе го памети по делбите на нејзините територии и селидбата на македонците, а нашата црква по укинувањето на нејзината Охридска архиепископија и одземањето на нејзиниот имот во 1946 и во 1948 година. Неправдите спрема црквата полека стапка по стапка се отстрануваат, сега останува уште да се врати имотот. Црквата си доби своја архие-ископија, полека почнуваат да ја признаваат и неа, станува она што била порано на Балканот и на овие простори. Владата на Република Македонија во врска со донесувањето на овој предлог - закон за враќање на имотот на Македонската православна црква денеска од оваа седница даде мислење дека овој закон денес не треба да се донесе, од причина што таа ќе подготви соодветен ваков закон по донесување на законот за денационализација. Заради сево ова и дополнителни консултации околу овој владин предлог, јас овој закон го повлекувам денес да не се расправа, туку да се расправа на една од наредните седници на Собранието на Република Македонија.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Ние паралелно така се јавивме за дискусија, односно за интервенција со господинот Тантаров, мислам дека добро направи што негов предлог е да се повлече законот за враќање на имотот на Македонската православна црква затоа што во исто време имаме и ние забелешки наши, јас заедно со господинот Џеладин Мурати тие забелешки ги дадовме и на писмено затоа што мислиме дека законот, а

сега имаме мислење и од Владата на Република Македонија овој закон треба да гласи Закон за враќање на имотот и на трите верски заедници, т. е. на Македонската православна црква, Исламската верска заедница и Римокатоличката заедница, така што мислам дека повеќе и не треба да се додаде, добро е што се повлекува законот и мислам дека и Владата кога ќе настапи, односно кога ќе достави нов закон и титуларот на овој закон ќе биде ваков каков што го предлагаме ние.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Јас пред малку зборував со господинот Беќир Жута, потпретседател на Владата и министер за стопанство околу мојот предлог за дополнување на Законот за трговија, ние иако вчера расправавме на Комисијата за стопанство да се разгледа во две фази законот, ми даде некои напатствија, знаејќи како е во други земји, Финска, Пекинг и тн. дека и Владата мисли исто дека треба да се создаде нешто само во друг вид нешто да се направи. Од тој аспект јас со полна доверба кон Владата го повлекувам мојот Предлог на закон, но во исто време тоа ќе значи и обврска на Владата што побрзо да дојде овде со предлог, заедно со Министерството за урбанизам да ја видиме ситуацијата на таа сиромаштија она што останува по пазариштата, она што останува по улиците од тепање, убивање и тн., ајде убивањето да го тргнам настрана, но мислам дека на граѓаните на државата ќе им помогне многу ако го решиме онака како што разговаравме со господинот Беќир Жута.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака. (58 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Има 60 пратеници, молам да се изброи присуството на пратениците во салата.

60 пратеници се присутни во салата, гласање ме може да биде валидно.

Продолжуваме утре во 11 часот.

Седницата прекина со работа во 16,35 часот.